ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 12-200/9**

**Дата: 12.08.2010**

ДО
ОПШТИНА ЛИПКОВО

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2009 година на сметката на Буџетот на општина Липково.

При ревизијата на општина Липково беа земени во предвид и препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2004 година, при што е констатирано дека истите делумно се спроведени, односно се уште постојат состојби кои имаат влијание на финансиските извештаи. Состојбите се надминати во делот на усогласување на актите за организација и систематизација со важечката законска регулатива и примена на начелото на парично искажување на финансиските трансакции во сметководството. По препораките кои се однесуваат на назначување одговорен сметководител, воспоставување систем на интерни контроли и редовна внатрешна сметководствена контрола, не е постапено. Состојбите се идентични и во 2009 година. За дел од препораките субјектот не постапил бидејќи состојбите се надминати поради промена на законската регулатива.

Со ревизијата за 2009 година изразивме мислење со резерва во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и за усогласеност со законска регулатива.
Општина Липково нема изготвено регистар на даночни обврзници, правни лица и истите не се задолжени со данок на имот за 2009 година.
Во 2009 година нема назначено одговорен сметководител за водење на деловните книги, сметководствените документи, за обработка на податоците и изработка на

годишните извештаи на општината, што создава ризик од не откривање на грешки во трансакциите, а со тоа и можност за неточно изготвени финансиски извештаи.
И покрај извршените ребаланси на Буџетот за 2009 година, има значително отстапување од планираните и извршените приходи и расходи, што создава можност од преземање на обврски за кои реално не се обезбедени средства во буџетот и нивно пренесување во наредната фискална година.
Не е извршен попис на побарувањата и не утврдена правната основа и старосната структура на истите, што придонесува за нереално прикажување на побарувањата и до нереални финансиски извештаи.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 11 и 12 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Буџетот на општина Липково за 2009 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на Буџетот на општина Липково за 2004 година. Изразено е негативно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на Буџетот на општина Липково под 31 декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Беќир Саќипи, градоначалник до 11.04. 2009 година, и
- Садула Дураки, градоначалник од 12.04. 2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки;

избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на Буџетот на општина Липково за 2009 година се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата/ревизорски постапки

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување;

- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско

известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како потврда на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 10.03. до 02.04.2010 година, кај општина Липково од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата од 2004 година - спроведување на препораките**

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2004 година.

3.1. Спроведени се следните препораки:
- препораката за усогласување на актите за организација и систематизација со важечката законска регулатива (точка 10.1.1.)
- примена на начелото на парично искажување на финансиските трансакции во сметководството (точка 10.3.1.);



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ______________________
*2.* ______________________ ______________________

3.2. Препораки по кои не е постапено:

- не е назначен одговорен сметководител (точка 10.2.2.) ;
- не е воспоставен систем на интерни контроли и редовна внатрешна сметководствена контрола (точка 10.2.3.),

3.3. Поради промена на законската регулатива не е постапено: по следните препораки:
- кои се однесуваат на дотирање на средства од сметката на Буџетот на сметка на Фондот за локални патишта и Фондот за комунално уредување (точка 10.1.2.) и
- трансфер на средства од сметката на Буџетот на сметките на корисниците без наведување на намената (точка 10.1.3.).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на 29.06.2010 година.

На ден 04.08.2010 година со писмо број 08-551/2 од 28.07. 2010 година примени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 12-200/3 од 29.06. 2010 година, од градоначалникот.
Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат нови докази за измена на констатациите изнесени во Нацрт извештајот, со исклучок на забелешката на точка 4.2.1. алинеја 5, која делумно се прифаќа во правец на прецизирање на наодот.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Градоначалникот на општина Липково нема назначено одговорен сметководител за водење на деловните книги, сметководствените документи, за обработка на податоците и изработка на годишните извештаи на општината, што не е во согласност со членот 16 став 2 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и членот 36 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа со кои е пропишано дека градоначалникот одредува одговорен сметководител.

Не назначувањето одговорен сметководител создава ризик од не откривање на грешки во трансакциите, а со тоа и можност за неточно изготвени финансиски извештаи.
Општина Липково нема воспоставено систем и процедури за внатрешна ревизија. За вршење на работи од областа на внатрешната ревизија во 2009 година, имало лице назначено за внатрешен ревизор, но во 2010 година ова лице е назначено за раководител на одделението за комунални работи. Во 2010 година нема внатрешен ревизор, а нема склучено ниту договор со друг субјект за користење на услугите од внатрешен ревизор .
Тоа придонесува за не спроведени законски обврски и можност за постоење ризик од не придржување кон законите и интерните акти како и за ненаменско и незаконско користење на средствата и располагање со ресурсите.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе мерки во функција на разрешување на прашањето за поставување одговорен сметководител и воспоставување систем и процедури за внатрешна ревизија користејќи ги можностите што ги дава законската регулатива.

4.1.2. Советот на општина Липково во 2009 година нема донесено Буџетски календар за утврдување на роковите за планирање на општинскиот буџет во кои градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови, општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до градоначалникот и градоначалникот го доставува предлогот на буџетот до советот на општината. Не донесувањето буџетски календар не е во согласност со членот 27 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и придонесува за постоење ризик од ненавремено планирање и донесување на буџетот на општината.
На предлог на градоначалникот, советот на општина Липково за 2010 година има донесено Буџетски календар со кој е утврдена постапката и роковите за донесување на Буџетот на општината, поради што ревизијата не дава препорака.

4.1.3. Не е извршен попис на побарувањата, не е утврдена правната основа за постоење на побарувањата и старосната структура на истите. Не спроведување на пописот на побарувањата не е во согласност со членот 31 в од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, со кој е регулирано дека пописот на побарувањата се врши според состојбата од сметководството, преку проверка и потврдување на реалноста на искажаните состојби. Ваквиот начин на постапување придонесува за нереално прикажување на побарувањата и до нереални финансиски извештаи и преземање на мерки за наплата

**Препорака:**
Градоначалникот при донесување на решението за вршење попис, да ја задолжи Комисијата, да врши попис и на побарувањата во функција на утврдување на нивната правна основа и старосна структура со цел навремено преземање мерки од страна на службите за нивна наплата.

4.1.4. Општина Липково со Буџетот за 2009 година има планирано приходи и расходи во износ од 99.191 илјади денари. Во 2009 година се реализирани приходи во износ од 46.071 илјади денари, расходи 45.453 илјади денари и е остварен вишок на приходи во износ од 618 илјади денари. Приходите се остварени со 46,45% во однос на планираниот износ, а расходите со 45,82%.
Согласно членот 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остварат како што е планирано во буџетот на општината, градоначалникот му предлага на советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) во годината, во согласност со закон, а согласно членот 36 од Законот за буџетите доколку во текот на извршувањето на буџетот градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот предлага на советот на општината изменување и дополнување на буџетот.
Во текот на 2009 година извршени се два ребаланси на буџетот но и покрај тоа истиот на крајот на годината не е остварен во износите утврдени со ребалансите.
Неусогласеноста на остварените со планираните буџетски приходи и расходи создава можност од преземање на обврски за кои реално не се обезбедени средства во буџетот и нивно пренесување во наредната фискална година.

**Препорака:**
Градоначалникот, согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и Законот за буџетите, доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остварат како што е планирано во буџетот на општината односно доколку реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот да предложи на советот на општината изменување и дополнување на буџетот.

**4.2. Финансиски извештаи**

4.2.1. Надлежните служби на општина Липково имаат преземено активности за формирање на регистри за даночните обврзници по основ на данок на имот и комунална такса за истакната фирма но согласно законската регулатива, не ги извршиле следните обврски:

- кај данокот на имот изготвен е регистар на даночни обврзници физички лица- граѓани, но не е изготвен регистар на даночни обврзници, правни лица и за истите не се издадени решенија за задолжување со данок за 2009 година,
- не е извршено усогласување на состојбите на регистарот на недвижности со состојбите од Регистарот кој го води Агенцијата за премер и катастар на недвижности на Република Македонија;
- податоците од состојбата на регистарот не се доставени до 31 декември до Централниот регистар на Република Македонија и до Управата за јавни приходи, што не е во согласност со членот 39 од Законот за даноците на имот;
- не е извршено усогласување на регистарот на обврзници за комунална такса за фирма за 2009 година со податоците од Централниот регистар на Република Македонија и Управата за јавни приходи, и
- пазарната вредност при прометот на земјоделското и градежното земјиште за 2009 година, се утврдува врз основа на цени според акт кој не е донесен од советот на општината.

Ова придонесува за постоење ризик од помалку остварени приходи и намалени можности за остварување на функциите на општината.

**Препорака:**
Даночното одделение на општина Липково да ги изврши следните работи:
- да се воспостави регистар за данок на имот за правни лица;
- да изврши усогласување на базата на податоците за обврзниците на данок на имот со податоците од Агенцијата за премер и катастар на недвижности;
- секоја година, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата од регистарот да се доставуваат до Централниот регистар на Република Македонија и до Управата за јавни приходи;
- да изврши усогласување на базата на податоците за обврзниците на комунална такса со податоците од Централниот регистар на Република Македонија, и

Советот на Општина Липково да донесе акт за утврдување на цените на градежното земјиште по зони и цени на земјоделското земјиште по класи (пазарни цени).

## 5. Ревизорско мислење

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.1.3. и 4.2.1. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Буџетот на општина Липково на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за

годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Буџетот на општина Липково, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

5.1. Вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизија врз Билансот на состојба е зголемување на вкупната актива и пасива за 14.445 илјади денари, односно зголемување на следните позиции:

- зголемување на состојбата на побарувањата по основ на данок на имот во износ од 3.983 илјади денари и комунална такса за истакната фирма во износ од 2.712 илјади денари или вкупно зголемување за 6.695 илјади денари со истовремено зголемување на Пасивните временски разграничувања и
- зголемување на состојбата на побарувањата од купувачите за износ од 7.750 илјади денари со истовремено зголемување на Пасивните временски разграничувања.

**6. Нагласување на прашања на неизвесност**

6.1. Општина Липково е тужена странка од 11 субјекти и тоа од шест физички лица, од кои со две лица за износ од 11 илјади денари за надомест на штета и со девет лица за надомест на штета без утврдена вредност и од две правни лица по основ на долг во износ од 109 илјади денари.

Исто така општина Липково е тужена странка од Министерството за култура, по извршен инспекциски надзор, за ненаменско трошење на добиените средства за изградба на Културен дом во с. Матејче. Во моментот на контрола е утврдено дека средствата уплатени од страна на Министерството за култура во вкупен износ од 8.000 илјади денари се искористени наменски само во износ од 3.700 илјади денари додека остатокот од истите од 4.300 илјади денари се потрошени за други намени (по налози И. бр. 164/09, И. бр. 16/09 од Извршител за долг на општината спрема АДГ „Маврово“ Скопје по судско решение, односно плаќања на доверители на АДГ „Маврово“ Скопје на основа согласност одобрена од поранешниот градоначалник). А салдото на сметката на Буџетот на денот на увидот потврдува дека средствата се потрошени ненаменски.

Во моментов, конечниот исход по ова прашање не може да се утврди, и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

6.2. Искажано е побарување на општина Липково во износ од 7.615 илјади денари од АДГ „Маврово“, кое произлегува од договор од 1998 година за експлоатација и користење на камен базалит на каменоломот во с. Оризаре. Општина Липково имала обврска по договор од 2000 година за асфалтирање на локален пат с. Слупчане - с. Оризаре во износ од 8. 205 илјади денари спрема АДГ “Маврово“. Договорено е плаќањето на меѓусебните побарувања и обврски да се изврши со компензација. Наместо претходно наведеното, обврската во износ од 8. 205 илјади денари, општина Липково ја плаќа согласно пресуда бр. 41/05 од 01.12.2005 година на Основниот суд Куманово, а по налог на извршител и согласно писмена согласност бр. 03-27/1 од 21.01.2009 година на градоначалникот на општина Липково за признавање на обврската односно плаќања на доверители на АДГ „Маврово“ Скопје.

За побарувањето во износ од 7.615 илјади денари за што е издадена фактура општината нема преземено мерки за наплата. Поради тоа до денот на ревизијата овој износ е искажан во сметководството на општина Липково како ненаплатено побарување кај сметката на Органот, кое е префрлено со ревизијата на сметката на Буџетот.

Скопје, 10.08. 2010 година



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

## ОПШТИНА ЛИПКОВО

## СМЕТКА НА БУЏЕТОТ

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 6.401 | 2.972 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 284 | 192 |
| Капитални приходи | 3.3. | 573 | 74 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 38.813 | 26.988 |
| **Вкупно приходи** | | **46.071** | **30.226** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 10.443 | 8.777 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 201 | 132 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 9.127 | 7.590 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 669 | 290 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **20.440** | **16.789** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **25.013** | **9.588** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **45.453** | **26.377** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **618** | **3.849** |

ОПШТИНА ЛИПКОВО

СМЕТКА НА БУЏЕТОТ

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 ден.

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 618 | 8.700 |
| Побарувања | 4.1.2. | 14.445 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **15.063** | **8.700** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **15.063** | **8.700** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 15.063 | 8.700 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **15.063** | **8.700** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **15.063** | **8.700** |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

1. ______________________________
2. ______________________________ ______________________

08 - 55/2
28. 07. 10
ЛИПКОВО-LIKOVE

04.08.2010
12 200/8

ДО
ДРШАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Предмет: Забелешки на Нацрт извештај

1- Сметка на Буџетот

- Под точка 1.1.4 во препорака од страна на ДР да се донесе **интерен акт** за угостителски услуги. Таквите услуги се предвидени и уплатени од Програма ДО - Градоначалник и тоа право го користи исклучиво градоначалникот.
- Под точка 4.1.4 има неточни констатации бидејќе се превземени предвид не целосни податоци. Во колона основен буџет се планирани 99.191 илјади денари. Но во делот за реализација на приходите од 46.071 илјада денари се земени само од сметка на буџет и според ова се дава не точна информација- забелешка бидејќи планираните приходи предвидуваат сите приходи во сите сметки ( наменски-тип на сметка 789 и сметка на буџетот) , пренесениот вишок на приходи од претходна година и др.

  На 31.12.2008 година на наменските сметки(789) за разни проекти (за прв пат се применуваат наменските сметки во 2008 г.) односно вишокот на приходите што треба да се пренесаат во 2009 г. изнесуваше 30.000.000,оо денари што за 2009 г. претставувале реални - фактични приходи. Овие средства не беа планирани во буџетот на општина за 2008 г. ниту во буџетот за 2009 г. бидејќи сретсвата се уплатени при крајот на 2008 година. На седницата на Советот на Општина на ден 17.03.2009 г. донесена одлука за проширување на буџет на општина за 2009 г. со која планираните приходи и расходи зголемени ( во склоп со ревизорскиот извештај точка 2.3.9 страна 16 од нацрт извештај - сметрка на буџетот). Во текот на 2009 од наменска сметка (789) наменета за проектот стимулација на невработено лице се пренесене, на име капитални трансфери од други нивоа на власта, вкупно 8.892.000,оо денари.

  Салдо на 31.12.2009 г. што е наведен од 618 илјади денари е само од сметка на буџетот но во наменските сметки (789) се од 21.817 илјади денари. Износот може да се констатира во крајните салда на последните изводи од наменските сметки (789).

  Според горенаведеното, реализација на приходите е 75.692 илјади денари односно 76.31 %. или од вкупно приходи според буџетот на Општина за 2009 г. 243.518 илјади денари и реализирани приходи од 217.995 илјади денари или 89.51 % остварени приходи во однос со планираните.

Расходите се остварени во износ од 193.623 илјади денари или 79.51% и остварениот вишок од 24.371 илјади денари.

- Под точка 4.2.1. .Комисиите што извршиле регистрација на даночни обврзници по основ на данок на имот на физички лица не изршиле регистрација на имот на правни субјекти но оделение за финасиски прашање има издадено решение за данок на имот на правни субјекти што ја доставиле даночна пријава за имотот.
- Под иста точка 4.2.1 во петта забелешка каде се наведува дека вредност од купопродажбан а недвижен имот се утврдува според не донесена одлука од Советот на општина односно не се применува методологија на пазарна вредност, треба да гласи обратно дека пазарната вредност се утврдува според методологија на пазарна вредност а не според не донесена одлука од Советот на општина односно комисијата никогаш не ја земал предвид таа недонесена одлука. Тоа може да се констатира во записниците на комисијата.

Прилог:
- Изводи од наменски сметки
- Завршна сметка за 2009 г.

Подготвиле:
- Xhemail Memeti

Градоначалник
Sadulla Duraki



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ___________________________

*2.* ___________________________ ______________________

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:**

**Дата:**

**Прилог број 2**

Одговор на забелешки
по Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор
за Општина Липково

На Нацрт извештајот број 12-200/3 за извршена ревизија на финансиските извештаи на општина Липково за 2009 година на – Сметка на Буџетот добиени се забелешки од градоначалникот на општината заведени под број 08-551/2 од 28.07.2010 година.

Забелешките се разгледани од ревизорскиот тим и по истите е констатирано следното:

Забелешката на наодот од **точка 1.1.4. не се прифаќа**, од причина што се работи за забелешка на наод даден во менаџерскиот извештај на кој субјектот нема право на забелешка, а се однесува на помалку значаен наод за кој му е дадена можност на градоначалникот/менаџерот да го отстрани без да поднесе посебно известување до Државниот завод за ревизија.

Забелешката на наодот од **точка 4.1.4. не се прифаќа** поради тоа што според податоците од годишната сметка за Буџетот на општина Липково, износот на реализираните приходи и расходи изнесува 46.071 илјада денари, а според Буџетот за 2009 година планирани се приходи и расходи во износ од 99.191 илјада денари. За средствата кои се примени на посебните сметки 789 по основ на Капитални трансфери за изградба на водовод за Липково, Агенција за државни патишта, Биро

за регионален развој, Агенција за вработување и средствата за наменски дотации, (сметка 930) за образование и култура, изготвени се посебни годишни сметки во кои се искажани состојбите за 2009 година.

Забелешката на **точка 4.2.1. алинеја 1** , која се однесува дека не е изготвен регистар на даночни обврзници правни лица и за истите не се издадени решенија за задолжување со данок за 2009 година, **не се прифаќа,** од причина што не се доставени дополнителни релевантни докази кои би влијаеле на промена на ревизорското мислење.

Забелешката на точка **4.2.1. алинеја 5,** која се однесува за утврдување на пазарната вредност при прометот на земјоделското и градежното земјиште за 2009 година, **делумно се прифаќа,** во правец на прецизирање на наодот кој треба да гласи „ пазарната вредност при прометот на земјоделското и градежното земјиште за 2009 година, се утврдува врз основа на цени според акт кој не е донесен од советот на општината„. Препораката се преформулира во правец на преформулацијата на наодот.